„Со секој вас, Аллах ќе зборува без преведувач кој ќе посредува

Од Адиј бин Хатим, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Со секој вас, Аллах ќе зборува без преведувач кој ќе посредува. Тогаш, човекот ќе погледне на десната страна и ќе го види само она што го направил, па ќе погледне на левата страна и ќе го види само она што го направил, ќе погледне пред себе и ќе го види само Огнот пред своето лице. Затоа, одбранете се од Огнот, макар и со половина урма.“

[متفق عليه] [صحيح]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека секој верник на Судниот ден ќе застане сам пред Аллах, и дека Аллах ќе разговара со него без посредник или преведувач. Човекот, од страв и ужас, ќе погледне десно и лево, надевајќи се дека ќе најде излез што ќе го спаси од Огнот кој е пред него. Кога ќе погледне на десната страна, ќе ги види само добрите дела. Кога ќе погледне на левата страна, ќе ги види само лошите дела. Кога ќе погледне пред себе, ќе го види Огнот. Но, тој нема да може да го избегне, бидејќи мора да премине преку Сиратот. Потоа, Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Поставете заштита помеѓу вас и Огнот преку садака и добри дела, макар тоа да биде со нешто мало, како половина урма.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6615